Бр. 02-505
6.7.2009 год.

Врз основа на чл. 52, ст. 1, ал. 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008 и бр. 103/2008), Универзитетскиот сенат, на 11. седница одржана на 6.7.2009 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор на редовен професор

**Член 1**

Д-р Ристо Ташевски, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"–Машински факултет-Скопје, се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје–Машински факултет, во научната област инженерска графика.

**Член 2**

Со денот на изборот во звањето редовен професор, д-р Ристо Ташевски заснова работен однос на неопределено време со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"–Машински факултет -Скопје и го задржува звањето редовен професор доживотно.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

ДН:
- Машински факултет -Скопје
- Д-р Ристо Ташевски

мм/ед

За jooue 106

Машински факултет
Бр.02-1016/5
4.06.2009 година
Скопје

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование ("Сл.весник на РМ" број 35/2008, 103/2008 и 26/2009), како и член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 4.06.2009 година, ја донесе следнава

## ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А
за избор во наставно-научно звање редовен професор

1. Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје му предлага на Универзитетскиот сенат, вон. проф. д-р Ристо Ташевски, дипл. инж. арх., да го избере во наставно-научно звање редовен професор во научната област инженерска графика.
2. Предлог-одлуката со целокупната документација да се достават до Сенатот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје за донесување одлука за избор во предложеното звање.

### О б р а з л о ж е н и е

Деканот на Машинскиот факултет во Скопје, на 6.04.2009 година распиша конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област инженерска графика.

Конкурсот е објавен во дневните весници: Утрински весник и Факти.

На конкурсот се пријави д-р Ристо Ташевски, дипл. инж. арх.,вонреден професор на Машинскиот факултет во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 4.06.2009 година, согласно член 44 став 3 и 4 од од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет, изјаснувајќи се по предлогот на Рецензионата комисија содржан во Рефератот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје број 964 од 15 мај 2009 година, со мнозинство гласови од присутните членови на Советот со наставно-научно звање, донесе предлог-одлука вон. проф. д-р Ристо Ташевски, дипл. инж. арх., да се избере во наставно-научно звање редовен професор во научната област инженерска графика.

Предлог-одлуката да се достави до: Универзитетот, именованиот, општата служба и архивата на Машинскиот факултет во Скопје.

Д е к а н

Проф. д-р Атанас Кочов

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје, Република Македонија, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ